**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Објавува**

**Реобјава - Барање за изразување на интерес за позиција**
**“Локален консултант за развој на законодавна и регулаторна рамка на Агенцијата за единствен унифициран регистарски систем”**
**(реф.бр. MK/SIAP #1.1.11)**

**Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП)**
**Кредит Бр: 9036 –МК**

**Консултантски услуги – Индивидуален консултант**

На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Групацијата на Светска банка за потребите за реализација на Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП). Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорот што ќе се склучи за ангажирање на Локален консултант за развој на законодавна и регулаторна рамка на Агенцијата за единствен унифициран регистарски систем.

Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството за труд и социјална политика: https://mtsp.gov.mk/siap-proekt-za-administriranje-na-socijalnoto-osiguruvanje.nspx

**Потребни квалификации:**

- Образование во областа на правото (најмалку дипломски студии). Магистерски или Докторски студии ќе се сметат за предност.
- Најмалку 10 години искуство во подготовка на закони во Република Северна Македонија. Искуство во подготовка на закони или подзаконски акти во областа на системот за социјално осигурување во Република Северна Македонија ќе се смета за предност.
- Знаење и искуство поврзано со институционалната структура на јавната администрација во Република Северна Македонија. Познавање на структурата и организацијата на системот за социјално осигурување во Република Северна Македонија ќе се смета за предност.
- Одлична познавање на англиски и македонски јазик.

Методот за избор е “Избор на индивидуален консултант” согласно “Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година и август 2018 година”, достапно на следната веб страна: www.worldbank.org.

За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со Проектот за подобрување на социјалните услуги, од 08.30 do 16.30 часот , на е-маил: sanja.andovska@mtsp.gov.mk ; maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

Министерство за труд и социјална политика ги повикува сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат бараните квалификации да достават документи со кои ја потврдуваат својата квалификуваност (биографија на македонски и/или англиски јазик, препораки и слични документи).

Документите со кои се изразува интерес мора да бидат доставени најдоцна до **23.08.2022** година електронски на маил адресите: sanja.andovska@mtsp.gov.mk ; maja.bundaleski@mtsp.gov.mk